РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-156/1
23.03. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

До

Министерство за култура на Република Северна Македонија-Скопје

- Сектор за музејска дејност


В.Д. Директор Даниела Николова

НУ Музеј на македонската борба за самостојност -Скопје

Годишен Извештај

од 1 Јануари до 31 декември 2020 година

Реализирани работни задачи и проектни активности:



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Извештајот за работата на НУ Музеј на македонската борба за самостојност во 2020 година, кој што е пред Вас, произлегува од законската обврска за поднесување годишен извештај до Министерството за култура, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 31-б став 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18).

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини:

- општ дел за работата на Музејот каде што се прикажани сите аспекти на работата на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија и

- стручен дел каде што е претставена работата на стручните кадри на Музејот којшто впрочем ја претставува и интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

Во извештајната 2020 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

Годишниот извештај е составен во седум целини, во кои преку елаборации на поединечните дејности е прикажана работата на Музејот за 2020 година. Годишниот извештај е компониран по следниов распоред:

1. Дејност и портфолио Музејот, организациона поставеност и општ приказ на историјатот на институцијата со посебен осврт на активностите во текот на 2020 година;

2. Активности на Музејот од инфраструктурна природа, се однесува на градежни и други зафати кои се превземени во текот на извештајната 2020 година во однос на санација, зачувување и репарација на објектите кои се во надлежност на Музејот;

3. Администрација и човечки ресурси, се однесува на кадровската екипираност и структурата на вработените во Музејот;

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

4. Соработка на Музејот со сродни институции, промоција на музејот во рамките на активностите на нашата институција со други организации со слична дејност и организации кои ги користат нашите ресурси;

- Детален извештај за работата на музејската документација, презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност,


- Детален извештај за работењето на Одделението за музејско водење и музејска едукација

- Детален извештај за работењето во делот на меѓународна дејност и односи со јавност

ВОВЕД

Во текот на работењето, Музејот во целост ја исполнуваше својата примарна дејност, на тој начин што истовремено работеше на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата. Во рамките на реализацијата на проектите, оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура, но реализиравме исто така и вонпрограмски активност се со цел да ја промовираме културата и културното наследство.

На глобално ниво 2020 г. беше година во која сите процеси, секојдневно се менуваа и успоруваа, бидејќи светот се соочи со пандемија на COVID-19 (корона вирус). Во период на воведени рестриктивни и превентивни мерки од страна на државата, сите дејности функционираат во различни и реално отежнати околности кои ги усложнуваат реализирањето на програмските и вонпрограмските активности.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

I. МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ДВИЖНИОТ МАТЕРИЈАЛ


Во 2020 година работевме посветено во делот на музејската документација така што во континуитет продолживме со внесување, обработување и укоричување на влезни книги, картотека, книга за изложби, излезна книга и се започна со работа и на инвентарната книга.

Вкупната бројка на музејски материјали во Влезна електронска книга на НУ Музеј на македонската борба-Скопје изнесува 3631 (заклучно со декември 2019 г.). Во текот на 2020 г. се изработени уште две влезни книги и истите се вкоричени и една книга на хеморотека. Изготвените исписи беа испечатени, укоричени, потпишани согласно член 2 ставови (1) и (2) од ЗМ, а потоа и архивирани во **Влезни книги**.

Согласно член 17 од Правилник за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, книга на изложби, картотеката и другите видови музејска евиденција и музејска документцијa (донесен од министерот за култура на 05 јуни 2006 г.) како дополнителна и незадолжителна евиденција изработена е **Книга на хеморотека** и за потребите на книгата, музејскиот документатор набави материјал од дневни печати и истите беа документирани и укоричени. Во оваа книга, во првата половина на 2020 г. евидентирани се 7 исечоци од весниците в. НИП "Нова Македонија", в. "Вечер" и в. "Слободен печат".

Започнавме процес на **регистрација на музејски збирки** во соработка со Управата за заштита на културното наследство

- "Национално-револуционерен период"
- "Македонија помеѓу двете светски војни"
- "Македонија во втора светска војна"
- "Македонија во повоениот период"



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

I Превентивни мерки и заштита

Со цел ефикасно спроведување на заштитата континуирано, редовно и навремено се води соодветна грижа за чување и одржување на музејскиот фонд во изложбените простории и депо.


Во годишната програма за 2020г. во Музејска дејност беше одобрен проект за Конзервација на музејски фонд на хартија во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје

За состојбата на музејскиот материјал на хартија кој е дел од музејската експозиција во постојаната поставка беше направен увид во кој е констатирано дека од вкупно 198 записи во добра состојба се 157 примероци, во лоша состојба се 37 примероци, а кај 4 примероци состојбата задоволува. Детаљниот извештај „Листа за состојба на музејски фонд од хартија во постојаната поставка“ е прилог кон тромесечен извештај со деловоден број 09-209/1.

Во записник со деловоден бр. 09-302/1, евидентирана е промена на состојба на музејски материјал со влезен број 205-стол, изложен во петтото одделение од постојната поставка.

Во рамките на годишната програма, започнавме со подготовки и реализација на проектот кој е подржан во Сектор Заштита и музејска дејност со наслов: “75 години потоа”.

Материјали (Како оригиналниот Записник од Второто заседание на АСНОМ, Манифестот, разни ракописи, оригинални документи, фотографии).



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

II. ПРОЕКТИ ПОДДРЖАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА


Досегашни проектни активности за проектот :

- **Негуваме, објавуваме, презентираме**

Проектот преставува интердисциплинарно тематско истражување со кое имаме за цел да направиме подетално проучување и објавување на темелите и главните обележја на една нација-јазик, традиција, просвета и култура.

Во првата фаза од проектот предвидени се и реализирани кабинетски истажувања. Од нив произлезе потребата за разгледување на следните фондовите во : ДАРМС 0157, АСНОМ, 0158 Собрание на НРМ/СРМ –Скопје; 0159 Извршен Совет на Собрание на СРМакедонија; Фонд 1011 Министерство за наука и култура 9 АИ 0,90 ; НИП "Нова Македонија"–различни библиографски содржини како што се старопечатени книги, весници, ракописи, списанија и периодични публикации од 19 и 20 век кои се однесуваат на македонскиот јазик, а се од особено значење во културата, уметноста и науката во Национална установа НУБ "Климент Охридски" – Скопје.

Фокусирајќи се на македонскиот јазик кустосот Данијела Трајкова-Крстиќ, направи истражувања во збирката на Старопечатени ретки книги, единици во археографско одделение при НУБ "Климент Охридски" –Скопје. Од првичната евидентна листа со 10 библиографски единици за потребите на постојаната поставка беа дигитализирани две капитални дела: Речник на три јазици од Ѓорѓија Пулевски, испечатен во Белград в0 1875 г. и огледало од Кирил Пејчиновиќ, Будин,1816г. и печатените весници Цариградски весник бр.62,24.11 1851 г. исполнувајќи ги сите музејски стандарди. Дигитализираниот материјал ќе биде имплементиран во постојаната музејска поставка. Проектот е поддржан од страна на Министерството за култура-сектор заштита и музејска дејност и е дел од годишната програма за 2020г.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

II. Проектни изложбени активности :

“Истражување и изложба по повод 155 години од раѓањето на Ѓорче Петров “

Од првата фаза од проектот беа предвидени и спроведени истражувања и подготовка на концепт за реализација на изложбата со наслов “Истражувања и изложбата по повод 155 години од раѓањето на Ѓорче Петров”.Беа направени истражувања во Скопје (ДАРМ, Музеј на Северна Македонија и Музеј на град Скопје) и Прилеп (Завод-Музеј Прилеп).

Истражувањата за оваа изложба ги реализираа Анче Илиовска и м-р Бојан Трпевски, музејски водичи.

Поради отежнатите услови за работа со COVID 19, изложбата ја реализиравме во форма на дигитално преставување на социјалните мрежи. Во рамките на реализирање на овој проект-изложба испечатен е Каталог во 150 примероци.


Проектни активности за изложбата :

“Панаѓурите во руралните и градските средини”

19 и 20 век

Во рамките на годишната програма за 2020г. започнавме и реализиравме истражувања и подготовки на еден интересен проект кој сметаме дека еднакво придонесе во делот на промените и дополнувањата на еден значаен дел од историја, култура и традицијата на овие простори кои ќе се предвиди и за дополнување на еден значаен дел, а тоа е животот, навиките и традицијата на овие простори.

Што всушност работел и како живеел обичниот човек? Да се претстави и цивилната историја, традиција и култура. Првата фаза од реализацијата на проектот, започна во првата половина на 2020г.,а тоа се истражувањата кои ги работеа Дарко Трпески и Владо



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Кузмановски, музејски водичи и координатори на овој проект. Истражувањата најпрво беа кабинетски, потоа беа реализирани теренски истражувања во Музеј-Завод Битола и во Архивот на град Битола и во г. Велес. Во втората половина од 2020 г. беше поставена изложбата во просторииите на Музејот и за дополнителна промоција беше изработена видео презентација на материјалот од изложбата.

Проектни активности за изложбата :

“75 години потоа “

Во рамките на годишната програма за 2020г. започнавме со подготовки и реализација на Проектот 75 години потоа. Во првата половина од тековната година се работеше кабинетски во соработка со надворешни консултанти и стручни соработници. За потребите на изложбата остваривме соработка со Музеј на Северна Македонија, во перспектива и за збогатување на постојаната поставка со предмети/експонати кои ќе го збогатат просторот.

Дел од истражувањата и материјалот за изложбата се во соработка со Архив на Република С. Македонија.

Како резултат од соработката со матичната институција НУ Музеј на Северна Македонија, ни отстапи дел од личните предмети на Генерал Михајло Апостолски, кои се поставени во постојаната музејска поставка. За да биде целосно опфатен периодот на Првото заседание на АСНОМ, во рамките на овој проект се направи воведен текст во 12-тото одделение. Соработката и консултациите со матичната институција продолжува и оваа 2021 г.

Се изработија форекси и Каталог со наслов “75 години потоа”.

Поради состојбата со Ковид 19 , изложбата е планирана да се постави во месец Април 2021 г.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Проектни активности за проектот:

" Теренски истражувања во Вардарски и Пелагониски регион "


Исто така од областа на музејска дејност, Министерството за култура на Република Северна Македонија даде финансиска подршка и на проектот " Теренски истражувања во Вардарски и Пелагониски регион ". Цел на овој проект беше прибавување на примарни извори – документи, лични предмети на директни учесници или сведоци на историски настани, фотографии и други форми на архивска граѓа, но и секундарни извори и сведоштва за историски настани од 19 и 20 век. Овие региони биле крстосници меѓу истокот и западот, а биле инспирација и за народното творештво. Резултатите од овие теренски истражувања ќе бидат презентирани пред поширокаta јавност со цел промоција на одредени настани, но преку ова истражување ќе се подигне и јавната свест за културното наследство. Проектот се реализира во неколку фази, реализирани се теренски истражувања во Музеј-Завод Битола и во Архивот на град Битола, во градот Штип и градот Кавадарци.

Координатор на проектот: м-р Илија Василески, музејски водич.

Проектни едукативни активности

"Тоа беа времиња"

Проектот "Тоа беа времиња", беше посветен на улогата и значењето на жени кои живееле, работеле, граделе и твореле во периодот по Втората светска војна. Идејата беше да се продре подлабоко во општествените прилики, културата и историјата во едно повоено општество од перспектива на жената. Да се истражи, согледа и реафирмира нејзината улога во општествено-социјалниот, економскиот и семејниот контекст.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Поради настанатата ситуација со Ковид 19, беше реализирана само првата фаза од проектот, а тоа е прибирање на материјали за подготовка и реализација на проектот.

Координатори на проектот: Ана Вишинова и Даниела Митевска, музејски едукатори.

Проектни активности за гостувачка изложба :

“ Царски дарови “

(од фондот на Јосип Броз Тито)

Во соработка со “Музеј Југославије” - Белград

Оваа година продолжуваме да соработуваме со музеите на регионално, европско и пошироко ниво. Соработката со Музеј Југославије ја започнавме во текот на 2019 г. за претставување на изложбата со наслов Царски дарови во текот на 2020 г. По повод 40 години од смртта на Јосип Броз Тито, на оваа изложба беше планирано да бидат претставени личните предмети/дарови кои ги добил на подарок од значајни државници, истакнати личности. Изложбата сама по себе е спектакуларна со изборот на предмети кои се изработени од значајни материјали. Поради пандемијата, изложбата беше откажана како и сите предвидени проекти на меѓународен план.

Координатор на проектот, м-р Маја Миноска Павловска, советник за меѓународна соработка и односи со јавност.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ


11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

-Реализација на музејските активности преку социјалните мрежи и проактивна музејска дејност :

Од самиот почеток на воведување на рестриктивните и превентивни мерки и физичката недостапност на музеите, социјалните мрежи станаа места за виртуелна посета и проактивна музејска дејност. Во таа насока, презентиравме повеќе содржини започнувајќи од 16 март 2020 г. Претставени се: Аферата Мис Стон во форма на 3Д веб-сцена, содржини од инклузивниот водич низ музејската поставка Минато на дланка (претставување на оригинални предмети), како и Видео презентација –Уметност во време на војна.

Виртуелно ги преставувавме и споменките за низа историски настани: 117 години од почетокот на серија вооружени акции на гемиџиите, 117 години од загинувањето на Ѓорѓи Николов Делчев (4февруари 1872,Кукуш-4 мај 1903,Баница), 75 години од решението на Народната влада на Федерална Македонија од 1945 за усвојување на азбуката на македонски јазик како официјално писмо и озаконување на првиот правопис со што беше кодифициран македонскиот јазик. Во чест на Меѓународниот ден на музеите – 18 Мај, НУ Музеј на македонската борба се придружи кон дигитално одбележување на годишната тема- Музеите за еднаквост- различност и инклузија со поставување на отворен пристап на Водич за музејска програма за деца/лица со аутизам како една од проектните активности на социјална правда и пристапност на музеите.

Дополнително, со цел споделување на информација на веб-страната на музејот и социјалните мрежи се информираше јавноста за реализираните програмски активности, кои се позицирани на висина на агендата како приоритетни задачи на



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

музејот:реализирана ревизија во музејот, почеток на реализација на проектите одобрени во годишната програма за 2020 г.

Инклузивниот водич "Минато на дланка" сега го имаме и на француски јазик со поддршка и помош од Францускиот институт во Скопје и Француската амбасада во Скопје. Аудио верзијата на Минато на дланка го доби своето издание на француски јазик. Преведениот материјал е снимен и монтиран на аудио уреди и достапен за сите посетители. На овој начин Музејот ја проширува својата пристапност но во делот на презентирање на оригинални музејски материјали и артефакти.

Проектни активности на виртуената изложба :

Неколку нијанси женски приказни

Тема, идеја и реализација

Проектот "Неколку нијанси женски приказни" е проект кој беше замислен да се одвива во континуитет во текот 2020 г. Организиравме видео презентации на неколку жени-хероини кои биле претпознатливи низ македонската историја. Секое претставување беше тематско и се обидовме да претставиме жени кој придонеле во науката, уметноста, спортот, човековите права, жени кои зеле учество во историските процеси како и жени кои имале пионерски потфат или постигнале специфичен успех.

Овој проект имаше и истражувачка цел, а тоа е да се истражат и публикуваат биографиите на жените кои ќе бидат опфатени со критериумите на овој проект. Освен што биографиите беа претставени со видео презентации и објавени на веб страната на Музејот, планирано е да има и публикација. На овој начин Музејот овозможува пристапност и за претставување на родовата еднаквост која е дел од програмските активности како дел од инклузивната музејска презентација.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

III. РЕАЛИЗИРАНИ ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ:

Како резултат на успешната соработка на предлог на ПОУ "Др.Златан Сремац" и Музеј на македонската борба-Скопје, кустосите дизајнираа и реализираа работилница на 04.05 2020 г. Истата се одржа во рамките на Еразмус + проектот на училиштето –"Together for Better". Покрај ученици од "Др.Златан Сремац" на работилницата учествува и ученици од Турција, Полска, Романија и Португалија. Главна цел на проектот е активна инклузија, подигнување на јавната свест, прифаќање и вклучување на децата со попреченост во сите сфери на општественото живеење. Работилницата беше дизајнирана како метод за запознавање на минатото преку музејски предмети кои потикнуваат активирање на повеќе сензорни способности и тактилни искуства. Преку описи на тактилни предмети на англиски јазик се запознаа со детали од нашата историја.

Во Порта Македонија беа реализирани две изложби: "На брановите" и "Јас сум уметник", подржани во годишната програма на Министерството за култура. Беше подготвен сликарски перформанс за проектот "Јас сум уметник".

Музејот остварува и соработки со Амбасадите во делот на меѓународната соработка и промоција на културата и културните вредности. Една таква соработка остваривме со Амбасадата на Иран . Поточно во галерискиот простор на Порта, беше поставена изложбата "**Калиграфија**" на иранскиот уметник Мохамедреса Афшари со потекло од Техеран, кој одржа мастер-клас за учениците од средното ликовно училиште "Лазар Личеновски" од Скопје.

Ги негуваме и соработките со музеите и галериите во Регионот. Оваа година продолживме со соработката со Галерија 73 од Белград како наш партнер на регионално



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

ниво. Во периодот од почетокот на март беше отворена изложбата "**Вибрации**" од два самостојни академски сликари Ирина Черњавски Шантриќ и проф. Саво Рупиќ.

Од 03-05 Февруари остварив работна средба во Белград, Р.Србија со Директорите на Галерија 73, Музеј на Југославија, Народен Музеј на Белград и Историски музеј на Србија во Белград. На состаноците разговаравме за заеднички промоции, размена на изложби и обуки во делот на музејското работење. На 20 февруари 2020 г. бевме домаќини на Управниот одбор на Балканска музејска мрежа на музеите во регионот,чиј член е и Музејот на македонската борба Balkan Museum Network.

Работниот состанок е дел од редовните активности на оваа асоцијација, на кој беа разгледани и можностите за натамошно продлабочување на соработката на музеите и Балканската музејска мрежа.

-Почитувајќи ги препораките добиени согласно одлуките од Владата, Музејот ги почитува сите протоколи (носење маски, мерење температура, дистанца и користење на антибактериски средства). Остварив повеќе работни средби со повеќе амбасадори/ки. Би ги издвоила работната посета на Американската амбасадорка Брнз, Францускиот амбасадор Тимоније, Рускиот амбасадор Базникин и работни средби и состаноци со други амбасади во Р.С. Македонија.

Секоја комуникација со јавноста, музејот ја реализира и преку редовно ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите релевантни активности и настани во музејот. Информациите на веб страницата се објавуваат на македонски и англиски јазик. Паралелно со страницата, музејот во 2020 г. продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и google.

Во комплексни услови за работење, сепак позитивно искуство е што многубројни интернационални организации овозможија бесплатен пристап до предавања и дискусии од еминентни светски музеолози на бесплатни дигитални платформи. Во услови на пандемија и затвореност на музејот, креиравме слоган-музеите работат иако се

затворени, сакајќи да останеме релевантни и во контакт со својата публика, во време кога не беше возможна физичка посета.

Под овој слоган беа креирани различни дигитални содржини – почнувајќи од претходно изработени проекти како инклузивниот водич Минато на дланка чија аудио содржина ја споделувавме во континуитет со нашата публика, едукативната 3Д веб сцена посветена на Мис Стон која е закачена на нашата веб локација, тековни проекти како Неколку нијанси женски приказни, јубилеи, годишнини, личности и важни датуми од македонската историја, концерт во живо во соработка со Дино Имери и друго. Овие содржини беа објавувани истовремено на јутјуб, фејсбук, гугл бизнис и на нашата веб-локација. На овој начин музејот успешно го предолжи тримесечното физичко затворање и успеа да го одржи непосредниот контакт со својата публика, но и да стекне нови следбеници и да ја запознае поширокатa јавност со својата работа. На истиот начин продолжува комуникацискатa динамика и по физичкото отворање во јули.

IV. МУЗЕЈСКА ПРОМОЦИЈА

Секоја комуникација со јавноста, музејот ја реализира и преку редовно ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите релевантни активности и настани во музејот. Информациите на веб страницата се објавуваат на македонски и англиски јазик. Паралелно со страницата, музејот во 2020 г. продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и google.

Во комплексни услови за работење сепак позитивно искуство е што многубројни интернационални организаци овозможија бесплатен пристап до предавања и дискусии од еминентни светски музеолози на бесплатни дигитални платформа.

Во време на пандемија во периодот од 01.01.2020 г. до 31.12 2020 г. од малопродажба (од карти,монографии) за двата објекти изнесува 348.580,00 денари, односно вкупен број на

посетители изнесува 2 352. Во текот на целата година беа одржани 71 комерцијален настан, промоции на книги, концерти и прес конференции.


Реалните приходи за период од 12 месеци за 2020 година изнесуваат вкупно 781.669,00 денари. Поради настанатата состојба со COVID 19 , согласно мерките и препораките на Владата на РСМ, Музејот беше затворен за посетителии поради оваа состојба и приходите се намалени за 77%.

V. Донесени правни акти

Согласно моите предлозите дадени на Управниот Одбор на установата, во текот на 2020 година донесени се следните правни акти:

Во текот на 2020 година во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје беа донесени и следните акти :

Во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, донесени се Процедура за финансиско-сметководствено работењена НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје, истата е архивски заверена со број 01-216/1 од 07.04.2020 год., Процедура за наплата на приходи од продажба на билети со арх.бр.01-249/1 од 20.05.2020 год., Интерна процедура за движење на документи во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.03-371/1 од 24.07.2020 год., Упатство за подигање на готовина од благајна со арх.бр.05-277/1 од 04.06.2020 год, Упатство за прием и плаќање на фактури со арх.бр. 05-278/1 од 04.06.2020 год., Упатство за пресметка и исплата на плати на вработените со арх.бр. 05-279/1 од 04.06.2020 год., Упатство за работа на комисијата за попис на средствата и изворите на средства со



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

состојба на 31-ви декември со арх.бр. 05-280/1 од 04.06.2020 год., Упатство за начинот на спроведување на јавните набавки со арх.бр.05-281/1 од 04.06.2020 год. Во насока на воспоставување на процедури за управување со ефектот на давателите на услуги од областа на културата, НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје донесе три нови правилници согласно член 77-s, член 77-и став (4) и член 77-к став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18). Управниот одбор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје,на моја иницијатива НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје ги донесе следниве правилници :

-Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје со арх.бр.01-134/4 од 26.02.2020 год.

- Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивното бодување во Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност– Скопје со арх.бр. 01-134/5 од 26.02.2020 год.

- Правилникот за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност– Скопје со арх.бр.01-163/3 од 10.03.2020 год .

Управниот одбор на 64-та седница одржана на 13.12.2019 година донесе Правилник за начинот на вршење попис на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот со арх.бр. 01-

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

737/4 од 13.12.2019 г. и на 70-та седница одржана на 24.02.2020 година донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот на вршење попис на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот со арх.бр 01-128/3 од 24.02.2020 год.

За првпат во музејот беше извршен попис на библиотечниот фонд во Музејот, при што беше изготвен Извештај од пописна комисија за извршен попис на Библиотека во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје со состојба на ден со арх.бр. 02-102/9 од 11.02.2020 год., истиот беше усвоен од страна на Управниот одбор , при што беше донесена Одлука за усвојување на Извештај од пописна комисија за извршен попис на библиотека во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје со состојба на ден со арх.бр. 02-102/9 од 11.02.2020 год., заведена со арх.бр. 02-101/4 од 12.02.2020 год. В.д. директор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје донесе Решение со кое се формира работна група за проверка, евиденција и внесување на бибиотечниот фонд во електронска база на податоци за поврзување со системот COBISS.MK со арх.бр. 02-295/1 од 11.06.2020 год.

Во НУ Музеј на македонскатата борба за самостојност- Скопје се донесе Правилник за работа на библиотека на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со арх.бр.01-369/3 од 30.07.2020 год.

Управниот одбор на НУ Музеј на македонскатата борба за самостојност- Скопје донесе Одлука за изменување на Статутот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје со арх.бр. 02-382/5 од 07.08.2020 г. за која Министерството за култура на Р.Северна Македонија донесе Решение за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје бр. 02-382/5 од 07.08.2020 г. со бр.53-8134/4 од 25.08.2020 год. , под наш арх.бр. 01-398/3 од 02.09.2020 год.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

VI. ИЗДВОЕНИ АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО МУЗЕЈОТ


1. Спроведување на функционална анализа

На ден 28.02.2019 година работна група во состав од четири члена вработени во музејот спроведе функционална анализа со архивски број 02-69/13.

Спроведувањето на функционалната анализа беше првиот и појдовен чекор во иницирањето и воспоставувањето на промените во внатрешната поставеност и извршувањето на работните процеси во НУ Музеј на македонската борба - Скопје. Анализата укажа на реалната моментална состојба во институцијата односно, дали има потреба од систематизирање и пополнување на нови работни места согласно стратегискиот развој на Музејот, но и истовремено, кои организациски единици и работни процеси не се ефикасни и ефективни, па следствено на тоа би требало да се укинат, прераспределат, дополнат, променат и слично. Извештајот од спроведената функционалната анализа даде конкретни препораки чијашто понатамошна имплементација доведе до конкретни резултати во смисла на подобрување на внатрешните процеси и функционирање на НУ Музеј на македонската борба- Скопје.Еден од главните чекори беше подготвувањеи усвојување на новите акти за внатрешна организација и систематизација на работни места со цел, подобра организираност на Музјеот и остварување на целта - ефикасна и ефективна установа, подготвена за справување со предизвиците.

Како резултат на овој извештај музејот ќе донесе и План за подобрување на функционирањето на институцијата.

Во текот на месец август 2020 година беше формирана работна група во состав од три члена, вработени во музејот која спроведе функционална анализа, при што беше изготвен Извештај од спроведена Функционална анализа.



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ


11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

2. Активности согласно дадаените препораки на Државен завод за ревизија

Во НУ Музеј на македонската борба за самостојност –Скопје во периодот од 08.07.2019 година до 30.09.2019 година (со прекини) од страна на тим на Државниот завод за ревизија беше вршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Музеј на македонската борба за самостојност –Скопје на сметката на основен буџет (603), за 2018 година и ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Музеј на македонската борба за самостојност –Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2018 година.

Државниот завод за ревизија со Допис со бр. 14-251/3 од 04.02.2020 година, заведен со наш арх. бр. 03-125/1 од 18.02.2020 година ни ги достави Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје за Сметка на основен буџет(603) 01 2019 05 01 /1, односно Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор со бр. 14-251/1 од 04.02.2020 година заведен со наш арх.бр. 03-125/2 од 18.02.2020 год. и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) 01 2019 05 01/2, односно Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор со бр. 14-251/2 од 04.02.2020 година заведен со наш арх.бр. 03-125/3 од 18.02.2020 год. со прилог образец ИЗПМ за Сметката на основен буџет(603) и сметка на буџет од самофинансирачки активности(787).

НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје до Државниот завод за ревизија достави Известување за преземени мерки по препораки на Овластениот државен ревизор содржани во Конечениот ревизорски извештај со бр. 14-251/2 од 04.02.2020 година со арх. бр. 03-254/1 од 26.05.2020 г. и Известување за



МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ

11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

преземени мерки по препораки на Овластениот државен ревизор содржани во Конечениот ревизорски извештај со бр. 14-251/1 од 04.02.2020 година со арх.бр.03-254/2 од 28.07.2020 г.

Во периодот од 18.02.2021 година до 22.02.2021 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија беше вршена проверка во НУ Музеј на македонската борба за самостојност за преземените мерки согласно дадените препораки содржани во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, при што беше даден позитивен извештај, коментар од Државниот завод за ревизија, содржан во Известувањето за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечниот извештај на ОДР, доставено до НУ Музеј на македонската борба на ден 15.03.2021 година, заведено со арх.бр.03-89/2 од 15.03.2021 год.

Прилог : Годишен извештај од период од јануари-декември 2020г

Скопје, 23.03.2021 г.

Подготвил:

В.Д Даниела Николова

Доставено до: Архива на музејот; Управниот Одбор на музејот; Министерство за култура